РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр.08-2698/1
26/11/2025 година
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 141 од Статутот на Општината (Службен гласник на Општина Делчево број 15/2013,2/2019 и 1/2021) а во врска со член 84 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на Република Македонија бр.5/2002),Градоначалникот на Општина Делчево донесе

**ОДЛУКА**
**За распишување на избор на членови на Совет на месните и урбаните заедници на подрчјето на Општина Делчево**

Член 1

Со оваа Одлука се распишуваат избори за членови на Советите на месните и урбаните заедници на подрачјето на општина Делчево.

Член 2

Изборите на членовите на Советите на месните и урбаните заедници на подрачјето на Општина Делчево ќе се спроведат во текот на месец Декември,2025 година и месец Јануари,2026 година.

Градоначалникот ќе донесе поединечни акти за свикување на собир на граѓаните за подрачјето на секоја месна единица,односно населено место и поединечни акти за распишување избори за членови на Советот на секоја месна заедница во коишто ќе биде утврдено местото и времето на одржување на собирите на граѓани коишто же бидат избрани членови на Советите на месните заедници.

Член 3

Постапката за предлагање,утврдување и избор на членови на Советот на месните заедници ќе ја спроведе Комисијата за спроведување на постапка за избор на членови на Советите на месните и урбаните заедници формирана од страна на Градоначалникот на општина Делчево.

Член 4

Граѓаните на соодветната месна и урбана заедница благовремено ќе бидат известени од Градоначалникот на општината за денот,часот и местото за одржување на Собирот на граѓаните.

Свикувањето на Собирот на граѓаните ќе биде извршено со објавување на web страна на Оптшина Делчево,како и со истакнување на соопштението на видни места на територијата месната заедница за којашто се свикува Собирот на граѓани.

Член 5

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Делчево.

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник**
**Иван Гоцевски**